КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 112
03. 02. 2009 год.
СКОПЈЕ

# Годишен извештај на работата на Комората на извршители на Република Македонија за периодот од 1 февруари 2008 до 1 февруари 2009 година

## Општ преглед на поставеноста и активностите на приватните извршители во Република Македонија

Моментално, вкупниот број на извршители изнесува 54, а истите се распоредени на 11 подрачја на Основните судови во Република Македонија. Измените од минатата извештајна година во однос на бројот на извршители се однесуваат на престанокот на функцијата извршител на лицето Емилија Алексова, со решение на Министерот за правда бр. 09-5943/1 од 24.09.2008 година и со именувањето на 14 нови извршители со решение на Министерот за правда од 10.12.2008 година , кои не се вклучени во актуелната бројка 54, од причина што сѐуште немаат добиено повелби од страна на Министерот за правда на РМ.

Сите извршители на РМ ( 54), на ден 01.12.2008 година, пополнија и приложија до КИРМ анкетни листови, по чие сумирање, беа изведени следниве податоци:

**Вкупниот број на вработени лица изнесува** –231, од кои, 147 се дипломирани правници, 62 од нив имаат положено правосуден испит, додека 33 имаат положено извршителски испит.

Вкупниот број на помошници извршители, од анкетираните 54 извршители, изнесува – 37 , додека бројот на заменици на извршители, вработени кај извршителите изнесува 8.

**Во однос на техничката опрема, 54 извршители, во своите канцеларии располагаат со:** 256 компјутери, од кои сите се мрежно поврзани.

Во извештајната година, бројот на **вкупно примени барања за извршување кај 54 извршители,** изнесува**73 474,** додека бројот на **реализирани барања за извршување** изнесува **17 618.** Заради поголема прегледност и јаснотија, во прилог ви ја доставуваме табелата на збирни податоци од 2008 година, од месечните извештаи на сите извршители.

ул."Максим Горки" бр.8-6 Скопје тел: 02 3239 877
e-mail: izvrsitelinarm@yahoo.com / komora.na.izvrsiteli@mt.net.mk

## I . Техничка и кадрова опременост на КИРМ

Во однос на **техничката опременост** на КИРМ, потребно е да се наведе дека, КИРМ моментално располага со: 3 Десктоп Компјутери со MS Office, 1 лап топ комјутер, 3 принтера, 1 факс, 1 ЛЦД проектор, 2 фотокпира, 2 статични телефонски апарати, метален сеф, фотељи, мебел и работни бироа, додека **кадровскиот капацитет** на стручната служба на КИРМ, моментално се состои од три лица, кои се наоѓаат во редовен работен однос и тоа: секретар на КИРМ, секретар на Дисциплинска комисија на КИРМ и стручен соработник.

## II. Активности на КИРМ

### II A. Активности на КИРМ преку органите на КИРМ и поважни донесени акти

1. **Собрание на КИРМ,** (составено од сите именувани извршители и заменици на извршители ), во текот на оваа извештајна година има одржано 1 редовно и 2 вонредни собранија, на кои беа донесени следниве поважни акти:

- на Собранието, одржано на ден 09.02.2008 година се усвоија Измени и дополнувања на Статутот на КИРМ
- на Собранието, одржано на ден 12.06.2008 година, поради истек на мадатот на членовите на органите на КИРМ, беа донесени следниве одлуки: одлука за избор на претседател на КИРМ, одлука за избор на членови на УО на КИРМ, одлука за избор на членови на Дисциплинска комисија на КИРМ од редот на извршителите, одлука за избор на претседател и членови на Надзорен одбор на КИРМ. Покрај овие, беше донесена и одлука за избор на членови на Комисија за вршење надзор врз работата на членовите на КИРМ во однос на примената на одредбите од Законот за спречување на перење на пари.
- На Собранието, одржано на ден 19.10.2008 година, поради истек на мандатот на членовите на Комисиите на КИРМ, беа донесени следниве одлуки: Одлука за избор на членови на Комисија за стручна едукација на извршителите, Одлука за избор на членови на Комисија за меѓународна соработка на КИРМ, Одлука за избор на членови на Комисија за односи со финансиски институции, Одлука за избор на членови на Комисија за соработка со јавни институции и државни органи, Одлука за избор на членови на Комисија за информатичка дејност

  ( Комисија која се основа за прв пат).

2. **Управен одбор на КИРМ,** (составен од 7 члена), во текот на оваа извештајна година, има одржано 14 седници на УО, на кои беа донесени следниве поважни акти: Одлука за висина на награда на претседателот на КИРМ, претседателот на ДК, членот на ДК и членови на УО кои вршат надзор над работата на извршителите; Одлука за одржување на едукативна средба со ЦИРА во периодот од 18-20 април 2008 година; Одлука за состав на делегација на КИРМ на Постојаниот Совет на

МУСИ во Талин ( Р.Естонија) во периодот од 27-31 мај 2008 година; Одлука за одржување на прослава по повод двегодишнината од основањето на КИРМ; Одлука за набавка на два мобилни телефона за потребите на КИРМ; Одлука за вработување на уште едно лице во КИРМ на работното место – Секретар ан ДК на КИРМ; Одлука за доделување на неповратна парична помош од 100.000 денари на извршителот Емилија Алексова; Одлука за одржување на средна со претставници од Бугарската комора на извршители; Одлука за одржување на тридневен семинар со ЦИРА во периодот од 20-22 јуни 2008 година; Одлука за избор на потпретседател на УО на КИРМ; Одлука за членови на Комисија за примопредавање на предмети од Емилија Алексова; Одлука за состав на делегација на КИРМ на конференцијата на Евродунавската организација од 29-31 октомври 2008 година во Будимпешта ( Р. Унгарија); Одлука за одржување на едукативна средба на КИРМ во периодот од 16-19 октомври 2008 година; Одлука за набавка на компјутер во износ од 25.000 денари; Одлука за избор на членови на Надзорна комисија при УО на КИРМ; Одлука за избор на состав на делегација на КИРМ на Постојаниот Совет на МУСИ во периодот од 28-30 ноември 2008 година во Париз; Одлука за одржување на Новогодишен коктел на КИРМ;

- **Одлуки на УО на КИРМ во однос на извештаите доставени од Министерство за правда, по спроведеното вршење на редовниот и вонредниот надзор над извршителите**

Согласно одлуката на УО од 19.03.2008 година, сите извештаи од Министерството за правда за извршен надзор над работењето на извршителите, се доставуваат на разгледување до Управниот одбор на КИРМ и во случај да се утврди основ за поведување на дисциплинска постапка Управниот одбор постапката ја иницира во името на КИРМ како овластен законски подносител според чл. 59 став 5 од ЗИ.

Управниот одбор на триесет и четвртатта седница одржана на ден 12.12.2008 година и на триесет и петтата седница одржана на 24.12.2008 година разгледа вкупно **71 извештај** за извршен вонреден и редовен надзор над работата на извршителите од страна на Министерството за правда, по повод кои донесе свои мериторни одлуки и тоа 30 решенија со диспозитив "не се предлага дисциплинска постапка ", 1 (решение) со диспозитив "се предлага дисциплинска постапка на ДК", 9 заклучоци со кои дел од извештајот се доставува до Надзорната Комисија при КИРМ заради спроведување на дополнителни извиди по повод наводите од извештајот, 11 заклучоци за одложување на донесување на одлука заради барање одговор или списи од предмет од извршител, 7 заклучоци со кои се констатира дека тече постапка пред ДК при КИРМ, еден заклучок со кој се констатира дека извештајот од Мин. за правда е со идентична содржина како извештај веќе доставен и разгледан од страна на УО, 56 заклучоци со кои се констатира дека по спроведениот надзор Министерството за правда утврдил дека извршителот работи во согласност со Законот за извршување и подзаконските акти.

На седницата на ден 12.12.2008 година беа разгледани 16 извештаи од Министерство за правда по повод кои донесе 12 решенија со изрека "не се предлага дисциплинска постапка " , 1 решение " се предлага дисциплинска постапка " , два заклучоци за одложување на донесување на одлука, 3 заклучоци со кои се констатира дека тече постапка по повод истите наводи за истиот извршител пред ДК и 5 заклучоци со кои извештајот се доставува до Надзорната Комисија при КИРМ заради спроведување на дополнителни извиди по повод наводите од извештајот.

На седницата на 24.12.2008 година беа разгледани 55 извештаи од Министерството за правда и Управниот одбор донесе 18 решенија со кои не се предлага

дисциплинска постапка , 9 заклучоци за одложување донесување на одлука заради барање одговор или списи од предмет од извршител, 4 заклучоци со кои се констатира дека тече постапка пред ДК при КИРМ, 4 заклучоци со кои извештајот се доставува до Надзорната Комисија при КИРМ, еден заклучок со кој се констатира дека извештајот од Мин. за правда е со идентична содржина како извештај веќе доставен и разгледан од страна на УО и 56 заклучоци со кои се констатира дека по спроведениот надзор Министерството за правда утврдил дека извршителот работи во согласност со Законот за извршување и подзаконските акти.

3. **Комисија за стручна едукација на извршители** ( составена од три члена ) во текот на оваа извештајна година, има одржано една средба , на која беше усвоено донесувањето на предлог програма за едукативна средба на извршители за следната 2009/2010 година.

4. **Комисија за меѓународна соработка** ( составена од пет члена ) во текот на оваа извештајна година, има одржано 3 средби, на кои беа донесени: одлука за состав на делегација на КИРМ за присуство на конференцијата на МУСИ, одржана во периодот од 28.02 2008 година во Брисел ( Белгија), одлука за состав на делегација на КИРМ на конференција на МУСИ од 27-31 мај 2008 година во Талин ( Естонија), одлука за присуство на состанокот на Постојаниот Совет на МУСИ во периодот од 28-30 ноември 2008 година во Париз ( Р. Франција).

5. **Комисија за финансиска соработка** ( составена од три члена ) во текот на оваа извештајна година, има одржано 2 средби, со цел разгледување на Законот за регистрирани готовински плаќања и завземање на став во однос на барањето од Законот за задолжително воведување на фискален систем и издавање на сметка за извршен промет, како и избор на претседател на Комисијата, соодветно. Покрај ова, двајца членови од Комисијата за финансиска соработка, по барање на Прокредит банка, а заради обука на правната служба на оваа банка, одржаа предавање на тема " Законот за извршување – дилеми и нејаснотии .

6. **Комисија за соработка со јавни институции и државни органи** ( составена од пет члена) во текот на оваа извештајна година одржа една конститутивна седница и усвои план за работа.

7. **Комисија за информатичка дејност** ( составена од три члена) во текот на оваа извештајна година, има одржано една средба , на која беше усвоено донесувањето на предлог програма за работа на Комисијата за следната 2009/2010 година.

8. **Дисциплинската комисија на КИРМ** ( составена од двајца членови од редот на извршителите и тројца судии од подрчјето на Основниот суд за кое извршителот е именуван ),
во текот на оваа извештајна година, од 1 февруари до 2008 до 1 февруари 2009, своите активности ги спроведе одржувајќи работни состаноци и седници на ДК, на кои :
На ден 17.07.2008 година, со записник за примопредавање, наш деловоден број 2309, во просториите на КИРМ во Скопје, изврши предавање на активни дисциплински предмети од страна на членовите на стариот состав на Дисциплинската комисија претставувани од претседател Благоја Николовски извршител од Скопје, на новоизбраните членови на Дисциплинска комисија претставувани од претседател Алберто Ребула извршител од Скопје.

Со записник од 25.07.2008 , со деловоден број 2328 Дисциплинската комисија достави 2(два) поднесоци до Претседателот на КИРМ кои иако насловени до ДК по содржина се однесуваат на примена на тарифата за награда и други трошоци за работа на извршителите.

Согласно записник за примопредавање од 10.09.2008 година, Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ достави 18 (осумнаесет) поднесоци до органот за надзор при Управниот одбор на КИРМ за кои по извршените извиди се утврди дека станува збор за поднесоци кои по својата содржина не спаѓаат во стварна надлежност на Дисциплинската Комисија.

Со записник од 15.08.2008 година, Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ достави 13 (тринаесет) извештаи од Министерството за правда за извршен надзор над работењето на извршителите до Управниот одбор на КИРМ, во однос на кои се формирани дисциплински предмети со ДП број и за кои ДК при КИРМ со Записник од 05.01.2008 год. Записник од 12.03.2008 год и Записник од 21.01.2008 год има донесен заклучоци да се бара произнесување од извршителите. Истите се доставуваат на надлежност согласно одлуката на УО од 19.03.2008 година, според која сите извештаи од Министерството за правда за извршен надзор над работењето на извршителите, да се доставуваат на разгледување до Управниот одбор на КИРМ и во случај да се утврди основ за поведување на дисциплинска постапка Управниот одбор постапката ќе ја иницира во името на КИРМ како овластен законски подносител според чл. 59 став 5 од ЗИ.

На ден 04.11.2008 година Дисциплинската Комисија , со допис и достави на Надзорната комисија при УО на КИРМ 18 (осумнаесет) поднесоци кои се доставени до ДК но во кои подносителите бараат да се изврши надзор над работата на извршителите.

Во уписникот на дисциплински предмети заведени се 178 предмети како Дисциплински предмети со ДП број. Сите приговори се разгледани од страна на членовите на Дисциплинската комисија од редот на извршителите и се доставени на одговор до извршител против кој е поднесена пријавата.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ, во периодот од 1 фебруари до 2008 до 1 февруари 2009 одржа 29 седници на Дисциплинската комисија. Седниците се одржани ( во сите избрани состави) со сите членови на ДК од редот на судиите по подрачја на основни судови, освен со членовите на ДК за подрачјето на Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе заради непостоење на пријави против извршителите на ова подрачје.

На одржаните седници беа разгледани вкупно **160** дисциплински предмети и беа донесени **118 решенија** со диспозитив:

" да не се поведува дисциплинска постапка за сторена дисциплинска повреда" од кои

Три решенија со кои не се поведува постапка **се решенија** за отфрлање на пријавата од причина што се поднесени од неовластен подносител, кои се препратени на УО при КИРМ на натамошно постапување затоа што станува збор за извештаи за извршен надзор од Министерство за правда, во однос на кои се формирани дисциплински предмети со ДП број.

**Две решенија** со диспозитив: " се поведува дисциплинска постапка"

**Пет решенија** со диспозитив:

" се доставува на надлежност на Претседателот на КИРМ согласно член 69 од ЗИ"

**Две решенија** со диспозитив: " се констатира повлекување на пријавата"

**Две решенија** со диспозитив: " пријавата се отфрла како неуредна"

ДК ги донесе следниве **заклучоци :**

**Еден заклучок** за одвојување и **четири заклучоци** за спојување на ДП предмет и **26 заклучоци** за одложување на претходна постапка заради прибирање дополнителни списи од предмет.

Составот на ДК со мандат од 14.06.2006 година до 12.06.2008 година, има одржано вкупно 13 седници, на кои се донесени 59 решенија со изрека да не се поведува

постапка, едно решение за отфрлање на пријава како неуредна и два заклучоци за одложување на претходна постапка, еден заклучок за разделување и два заклучоци за спојување на пријава. Составот на ДК со мандат од 12.06.2008 има одржано 16 седници, на кои се донесени 59 решенија да не се поведува постапка, 24 заклучоци да се одложи, два заклучоци за спојување на пријава, едно решение за отфрлање на пријавата како неуредна, пет решенија за доставување на надлежност, две решенија за поведување на постапка, две решенија со кои се констатира повлекување на пријавата.
До Дисциплинската комисија како првостепен орган беа поднесени **2 жалби** по ДП решенија, кои беа проследени до Министерот за правда како орган надлежен да решава во втор степен по одлуките на ДК, согласно чл.59 ст.6 од Законот за извршување. Овие жалби Министерстерот за правда со решенија ги отфрли како недозволени. ДК по повод овие решенија, на одржаните седници на ДК со сите комисии по подрачја, донесе свој заклучок со содржина :
"Право на жалба по Решението на Дисциплинска Комисија до Министерот за правда како второстепен орган во дисциплинската постапка има само извршителот на кого се однесува решението на ДК при КИРМ".

Во контекст на останатите приговори, за кои е надлежен да одлучува **Претседателот на КИРМ**, ви ги приложувам следниве податоци: од вкупна бројка од 55 приговори, пристигнати во КИРМ, во текот на оваа извештајна година, беа решени 48.

## II. Б. Активности на КИРМ - одржани едукативни средби , обуки и свечени настани

Во текот на оваа извештајна година, заради стручна обука и едукација на извршителите на РМ, КИРМ одржа 2 едукативни средби, и тоа:

1. Едукативна средба на ден 09 – 11.05.2008, во Струга , на тема:
   - Уделот во трговско друштво;
   - Пренос на удел по законот за трговски друштва и упис во Централен Регистар на Република Македонија;
   - Законот за обезбедување на побарувањата - овластувања на извршителите;
   - Законот за платен промет: новини и одраз врз извршувањето;
   - Софтвер за извршителите: обука и дискусија;

2. Едукативна средба на ден 17 -18 октомври 2008 година , во Струга, на тема:
   - Управниот надзор кој го врши Министерството за правда и надзорот над работата на извршителите;
   - Дискусија во однос на прашањето за улогата на извршителите во случај на конфискација на имот, тогаш кога во извршниот наслов, конфискацијата е насловена како надомест на штета;
   - Управен спор, како конечна мерка за заштита на извршителот во дисциплинската постапка;
   - Измена на Законот за парнична постапка со посебен осврт на доставувањето;

КИРМ, во месец септември 2008 година, одржа заедничка едукативна средба со **Академијата за обука на судии и обвинители на РМ**, на која присуствуваа поголем број на извршители, како и судии и претставници од Секторот за надзор при МП на РМ. Темата на заедничката едукативна средба беше "Дисциплинска постапка и дисцилинска одговорност на извршителите ".

КИРМ, оваа година одржа два **свечени настани** и тоа: прослава на две години од формирањето на КИРМ, на ден 12.07.2008 година ( Светски ден на извршителите), во хотел " Континентал" и новогодишен коктел, на ден 26.12.2008 година во ресторан "Ден и ноќ".

## II. В Меѓународни активности на КИРМ

Оваа извештајна година, како и претходната, беше во знакот на промовирање на КИРМ на меѓународен план, пред сé, поради трите посети на делегација на КИРМ на конференциите и постојаниот состанок на МУСИ.

Во таа смисла , претставници на КИРМ, присуствуваа на три настани, организирани од страна на МУСИ и тоа на конференција на МУСИ во во Талин ( Естонија), конференција на Евродунавска организација при МУСИ, во Будимпешта ( Унгарија ) и Постојан Совет на МУСИ во Париз ( Франција).

## III. Односи на КИРМ со домашни и странски институции

## III. А Односи на КИРМ со домашни институции

### 1. Односи со Министерството за правда на РМ

Нивото на односите помеѓу КИРМ и Министерството за правда на РМ, е од исклучително значење, пред се, поради поставеноста на МП како институција која ја контролира работата на извршителите на РМ и на самата Комора. Овие односи помеѓу КИРМ и МП можат да се дефинираат како добри. Имено, КИРМ во текот на оваа година има одговорено на речиси сите барања кои и биле упатени од страна на МП, во смисла на учество на претставници на КИРМ во работни групи за изготвување на закони, а како особено значајно е присуството на Претседателот на КИРМ во работната група при МП за измени и дополнувања на Законот за извршување, како и учество на тркалезни маси и одговарање на прашалници за потребите на МП, ажурно доставување на податоци од секаков карактер за членовите на КИРМ. Треба да се напомене дека извршителите редовно доставуваат месечни извештаи за својата работа до МП.

Министерството за правда е редовно известувано и консултирано за сите проблеми со кои се соочуваат извршителите во спроведувањето на Законот за извршување, но и за проблемите кои се јавуваат помеѓу КИРМ и останатите институции.

Исто така, претставници од МП, се без исклучок поканувани на сите едукативни средби, семинари и обуки на извршителите, после кои до МП се доставуваат записници, заклучоци и известувања за донесување на акти на КИРМ.

Соработката со Секторот за надзор над работата на извршителите, нотарите и медијаторите при МП, е на задоволително ниво, со тоа што се одржуваат потребните средби помеѓу КИРМ и овој Сектор.

**2. Односи на КИРМ со други институции**

КИРМ иницира одржување на средби со сите институции, кои имаат допирни точки со работата на извршителите, со цел да се изнајдат решенија за конкретни проблеми на кои наидуваат извршителите при вршењето на нивната работа.

**Со Управата за јавни приходи,** како и претходната година, соработката изостанува поради недостиг на волја од страна на истата да оствари средба со претставници со КИРМ и да ги разреши проблемите во врска со основаноста на обврската за извршителите да плаќаат ДДВ и начинот на неговата пресметка.

**Со Државното правобранителство на РМ,** во текот на оваа извештајна година беа остварени четири средби, заради надминување на проблемите на кои наидуваше оваа институција при спроведувањето на Законот за извршување, а особено заради разрешување на

прашањето со административните трошоци и паричните казни од помал обем, како и проблемот со внимавањето по службена должност на извршителот на релативната застареност на предметите. Две од овие средби беа одржани во просториите на КИРМ, додека другите две во просториите на Државното правобранителство.

Што се однесува до активноста на КИРМ со **основните судови на подрачјето на Република Македонија**, КИРМ редовно ги проследува решенијата за времена мерка, до сите извршители на подрачјето на судот кој го донесува решението. Покрај тоа, контактот на КИРМ со судовите во РМ постои и во однос на составот на ДК на КИРМ, во која членуваат по тројца судии од подрачјето на судот за кое извршителот е именуван. Ценам дека е потребно да истакнам дека, ДК на КИРМ наидуваше на проблеми во работата со оглед на барањата на судиите да бидат наградувани за нивната активност во ДК и правната оневозможеност на КИРМ да им ги исплати бараните суми.

Во врска со остварените односи со **банките во РМ,** КИРМ досега оствари една средба со Прокредит банка, по која претставници од КИРМ беа поканети да учествуваат на семинар на банката во својство на предавачи.

Во најскоро време, ќе се одржи состанок на претставници на КИРМ со претставници од повеќето банки, заради разгледување на законот за платен промет.

По барањето на **Државната комисија за спречување на корупција на РМ** за именување на член на ова Комисија, од страна на КИРМ, мошне брзо беше избран наш претставник кој редовно, без исклучок ги посетуваше состаноците на оваа Комисија, за чија содржина извршителите на РМ без информирани со извештај.

**III Б. Односи на КИРМ со невладини и странски институции**

На големо задоволство на КИРМ и оваа година продолжи соработката помеѓу КИРМ и **УСАИД / проектот за имплементација на судските реформи**, која несомнено ќе подразбира голема помош и олеснување за КИРМ, при трансферот на предмети од судовите кај извршителите, но и можност за извршителите да присуствуваат на обуки и семинари, финансиски покрепени од овој проект. Во тој контекст, ќе спомендам дека, со посредство на УСАИД, во почетокот на ноември 2008 година, во седиштато на КИРМ, од страна на претставници на КИРМ, беше пречекана Ерменска делегација, со цел разбирање и евентуално прифаќање на системот на приватно извршување и во нивната држава.

Соработката со невладината организација **ЦИРА** се состоеше во одржување на 4 обуки насочени кон зајакнување на институционалниот капацитет на КИРМ.

Неодамнешното зачленување на КИРМ во **МУСИ и во Евродунавската организација,** како дел од МУСИ, подразбира учество на состаноци и средби кои овие организации редовно ги одржуваат, а на кои КИРМ, оваа извештајна година зема и активно учество, со присуството на нејзина делегација на конференцијата, одржана во Будимпешта ( Унгарија).

По присуството на делегација на КИРМ на Собранието на **Бугарската комора на приватни извршители** , извршителите од Р. Бугарија одржаа свој семинар, во периодот од 23-24 мај 2008 год, на кој свое учество во својство на предавачи земаа претставници од КИРМ.

КИРМ доби и срдечно ја прифати поканата за соработка со регионалните комори на извршители, во рамките на **проектот " Регионална програма за поддршка на правото на извршување во земјите Западен балкан",** во организација на холандски проект.

## Планови на КИРМ за 2008 година

Плановите на КИРМ за следната година, на полето на финасиите, се насочени кон нов прилив од членарина на новоименуваните извршители. Се очекува наскоро да бидат доделени повелбите на четиринаесетте новоименувани извршители, од страна на Министерот за правда на РМ.

Особен акцент се планира да биде ставен на континуираната едукација на извршителите и тоа преку одржување на поголем број на едукативни средби и семинари, на кои како предавачи ќе бидат поканети домашни и странски експерти од сферата на извршувањето , но и на останатите области на правото.

Меѓународната промоција и активност на КИРМ ќе продолжи да биде една од битните цели на КИРМ, и се надевам дека истата ќе биде многу успешно остварувана, особено после приемот на КИРМ во Евродунавската организација при МУСИ, но КИРМ си поставува задача да иницира средби со регионалните комори и да ги зацврсти билатералните односи со истите, заради размена на искуста и црпење на знаења. Така, по покана на Полската комора на извршители, претставници на КИРМ требаше да присуствуваат на билатерална средба во Варшава и Гдањск во Полска, но од оправдани причини од страна на Полската комора, оваа средба се одложи за понатаму.

Во однос на релациите со домашните институции, нам ни е мошне важно да се задржи и подобри соработката со МП особено, при составувањето на измените и дополнувањата на ЗИ во полето на трансферот на предмети од судовите кај извршителите, како и во областа на дисциплинската постапка и дисциплинската одговорност на извршителите.

Добрата соработка со УСАИД и ЦИРА со сигурност ќе продолжи со оглед на веќе најавените нови обуки и семинари .

За крај, би сакал да го истакнам незадоволителното ниво на комуникација со медиумите и истото да го поставам како прашање кое треба да се разгледа, заради запознавање на јавноста со работата на извршителите и на комората како нивна матична институција.

Во оваа смисла, оваа извештајна година беше изготвена квалитетна веб страна, а нејзиното редовно ажурирање ќе биде предмет на работа во периодот што следи.

**Скопје, 01. 02. 2009**

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Антонио Коштанов**